Врз основа на чл. 383 ст.1 точка 1 и чл. 417 од Законот за Трговски друштва, чл. 133, 135 и 136 од Статутот на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД Увоз Извоз Велес (во понатамошниот текст Друштво) Одборот на директори на Друштвото на својата седница одржана на 09.04.2025 година ја донесе следната

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА

За измени и дополнувања на

Статутот на Димко Митрев АД Велес со пречистен текст

Измените и дополнувањата на Статутот на Димко Митрев АД Велес се однесуваат на следното

1.**Членот 72 ст.1** се менува и гласи

„Одборот на директорите **има 4 (четири) члена** од кои 3 (три) неизвршни членови кои се именуваат како неизвршни директори на Одборот на Директори (во понатамошниот текст неизвршни членови) и 1 (еден) извршен член на одборот на директори (во понатамошниот текст - Генерален извршен директор)„.

2.Членот 73 ст.1 се менува и гласи

„Сите 4 (четири) члена на Одборот на директори, како неизвршни директори ги именува Собранието на друштвото со мандат од четири години, со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на Собранието со овој статут„

3.Членот 74 став 2 се менува и гласи

„Претседателот на одборот на директорите се грижи за работата на одборот на директорите, ги свикува седниците на одборот на директорите, со нив раководи и во случај на изедначено гласање при носење на одлуките на одборот на директорите (два со два гласа) - неговиот глас е одлучувачки.

Другите одредби од Статутот на Димко Митрев АД Велес остануваат непроменети.

Се овластува одборот на директори да подготви пречистен текст на Статуот на АД Димко Митрев Велес.

Собранието да назначи овластени лица за спроведување на оваа предлог одлука во Централниот Регистер на РСМ.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Имајќи ја потребата од поефикасно и поекономично работење одборот на директори на АД Димко Митрев Велес на својата седница одржана на 09.04.2025 година одлучи да донесе предлог одлука за промена на статутот во однос на намалување на бројот на членови на одборот на директори од 5 (пет) на 4 (четири) члена.

Исто така оваа одлука за промена на статутот и намалување на бројот на членови на одборот на директори одборот ќе му ја предложи за усвојување на Собранието на Акционери на Друштвото кое ќе се одржи на 13.05.2025 година.

Одборот на директори му предлага на Собранието на Акционери да го овласти одборот на директори да подготви - пречистен текст на Статутот на АД Димко Митрев АД Велес.

Врз основа на погоре изнесеното Одборот на директори на друштвото донесе Одлука како во диспозитивот и истата му предлага на собранието да ја усвои.

Претседател на одбор на директори
Димко Митрев АД Велес
Анѓел Благој Шоптрајанов